Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-369/4
19-07-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-369 од 26.5.2023 година, поднесена од [redacted] Скопје, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 18.7.2023 година, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**
**за отфрлање на претставката поради ненадлежност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката заведена под архивски број 08 – 369/1 од 26.5.2023 година поднесена од [redacted] Скопје против Инстаграм профилот [redacted] **ПОРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ**.

**О б р а з л о ж е н и е**

На 26.5.2023 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] Скопје против Инстаграм профилот [redacted], за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми.

Претставката е поднесена против профил на социјалната мрежа Инстаграм со назив [redacted], на кој на ден 24.4.2023 година била објавена фотографија со следниот опис на српски јазик:
„Све док је оштра ова кама наша, не бој'те се брачо бугараша!!!MKRS
Кама четничког војводе Василија Трбича-Велешког."

Подносителите на претставката сметаат дека со ваквата објава се повикува, поттикнува и се дава инструкција за дискриминација врз етничка основа, затоа што објавата со слика од нож повикува, поттикнува и охрабрува чин на убивање и насилство поради нечија етничка припадност.
Подносителите бараат IP адресата на профилот да се прибави од Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика во Министерството за внатрешни работи, со цел да се открие идентитетот на физичкото лице кое ја објавило содржината.

На ден 13.6.2023 година, врз основа на член 4 од Меморандумот за соработка помеѓу Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Министерството за внатрешни работи, Комисијата испрати Барање за информација до Министерството, со кое беше побарано идентификување на лицето кое стои зад именуваната страница на Инстаграм, а со цел водење на постапката.

Преку телефонски разговор на 21.6.2023 година, од вработена службеничка во Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика во МВР беше пренесена информација дека Министерството не смее да прибавува IP адреси без соодветен налог од Јавно обвинителство, по што побараа претставката да им биде испратена на нивната службена електронска адреса со цел да ја проследат до надлежното обвинителство.

Истиот ден, Комисијата ја испрати претставката до Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика на електронската адреса cybercrime@moi.gov.mk, преку електронска пошта архивирана под наш бр. 08-369/3. Во истата е наведено дека се испраќа со цел нивно понатамошно постапување, односно проследување до Јавното обвинителство, со кое би го воделе предметот, како потенцијален случај на говор на омраза.

Оттука, согласно наводите и барањата од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека се работи за прашања кои не спаѓаат во надлежностите на Комисијата.

Имено, законската дефиниција на дискриминација е содржана во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** (Сл.весник на РСМ бр.258/20) и истата гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група врз еднаква основа со други."*

Од горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, без да го прејудицира исходот од постапувањето на Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство, утврди дека во конкретниот случај не станува збор за дискриминација, туку за потенцијален говор на омраза на социјалните мрежи, чие утврдување и санкционирање не спаѓа во надлежностите на Комисијата.

Скопје
19.7.2023 година

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]